ЦЕНТАР ЗА ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА И АНАЛИЗИ

МЗМП

CIVICA MOBILITAS

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

**Swiss Agency for Development and Cooperation SDC**

Центарот за правни истражувања и анализи (ЦПИА) за потребите на проектот ,,Менторство во правосудството и младински ангажман за родова еднаквост” имплементиран од ЦПИА, во соработка со МЗМП, а финански поддржан од Швајцарија во рамки на програмата ,,CIVICA Mobilitas” објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК

За ангажирање на 2 (два) експерти/ки (еден правник/правничка и еден родов експерт/ка) за имплементирање на:

1. Родово сензитивна менторска програма за судии и јавни обвинители во соработка со Академијата за судии и јавни обвинители

## Позадина

Правосудниот систем во Република Северна Македонија сè уште се соочува со предизвици во однос на целосната интеграција на родовата перспектива во секојдневната правосудна практика. И покрај воспоставената нормативна рамка и преземените меѓународни обврски, вклучително и оние кои произлегуваат од CEDAW, Истанбулската конвенција и практиката на Европскиот суд за човекови права, во практичната примена и понатаму се идентификуваат одредени недостатоци. Тие вклучуваат недоволно препознавање на родово базираните ризици во предметите, особено во случаите на семејно и онлајн насилство, недоследно препознавање и анализа на индиректната дискриминација, како и ограничена примена на пристапи и алатки за проценка на ранливоста.

Овие предизвици се потврдени и во „Анализата на родовите аспекти во правосудниот систем во Република Северна Македонија“ (ЦПИА, 2025), која, меѓу другото, укажува на потребата од континуирано менторство и систематизирана поддршка за практична примена на родово сензитивен пристап при извршувањето на правосудните функции.

Во рамки на проектот беше спроведена проценка на потребите за воспоставување родово сензитивна менторска програма, врз основа на која беше развиена родово сензитивна менторска програма во правосудството. Програмата е конципирана како практичен и одржлив модел за јакнење на капацитетите на правосудните професионалци и за поттикнување на континуирана примена на родово сензитивниот пристап во правосудната практика.

Во следната фаза од проектот е предвидена имплементација на развиената менторска програма, која опфаќа подготовка на пет (5) избрани ментори за работа со учесниците во програмата, споделување на професионални знаења и искуства, работа со конкретни случаи и препознавање и адресирање на родовите аспекти во правосудната практика.

## 1. Број на експерти и цел

За имплементирање на менторската програма Центарот за правни истражувања и анализи ќе ангажира двајца **(2)** експерти/ки (1 правник/чка и 1 родов експерт/ка) кои заедно ќе ја имплементираат менторската програма во тесна соработка со ЦПИА и Академијата за судии и јавни обвинители.

Целта на ангажманот е практична имплементација на веќе развиената родово сензитивна менторска програма преку подготовка на избраните 5 ментори/ки за примена на предвидениот менторски пристап и нивно понатамошно вклучување во работата со целните групи.

Избраните експерти ќе ги подготват менторите/ките за работа со помлади колеги, ефективно споделување на професионални знаења и искуства, работа со конкретни случаи, препознавање на родовите аспекти во правосудната практика и примена на родово сензитивен пристап во процесот на менторирање.

По спроведувањето на менторската подготовка, избраните експерти/ки по потреба ќе продолжат да бидат вклучени во имплементацијата на програмата како дел од менторскиот тим и ќе учествуваат во спроведувањето на предвидените менторски сесии.

## 2. Специфични задачи на експертите

Избраните експерти/ки ќе бидат ангажирани за имплементација на веќе развиената родово сензитивна менторска програма во правосудството, во тесна координација со проектниот тим на ЦПИА и останатите членови на менторскиот тим.

Во рамки на ангажманот, експертите ќе имаат задача да:

- се запознаат со содржината, методологијата, целите и предвидените пристапи во рамки на веќе развиената родово сензитивна менторска програма и да го испланираат нејзиното практично спроведување;
- спроведат менторска подготовка на избраните 5 ментори за нивно активно вклучување во имплементацијата на програмата;
- ги подготват менторите за ефективно пренесување и споделување на професионални знаења, практични искуства и добри практики со учесниците во програмата;
- ги зајакнат практичните вештини на менторите за водење на менторски процес, фасилитирање дискусии, поставување прашања, давање конструктивна повратна информација и поттикнување активно учество;
- обезбедат практични насоки за работа со конкретни случаи (**case-based learning**), симулации и други интерактивни методи предвидени со менторската програма;
- обезбедат насоки за препознавање, анализирање и соодветно адресирање на родовите аспекти, родовите стереотипи, пристрасноста и дискриминацијата кои можат да се појават во правосудната практика;

- придонесат кон поврзување на правните и практичните аспекти на работата во правосудството со принципите на родова еднаквост и родово сензитивно постапување
- обезбедуваат стручна и практична поддршка на менторите во текот на спроведувањето на менторските сесии и да придонесуваат кон разрешување на практични прашања и предизвици кои ќе произлезат во текот на менторскиот процес;
- придонесуваат кон размена на искуства и добри практики помеѓу менторите и учесниците и кон создавање интерактивна и безбедна средина за дискусија и учење;
- соработуваат со проектниот тим на ЦПИА при организацијата, координацијата и следењето на спроведувањето на менторската програма;
- дадат повратни информации и препораки за спроведувањето на менторската програма врз основа на искуствата и согледувањата од реализираните менторски сесии.

## 3. Квалификации и искуство

***Позиција 1: Експертот/ката (правник/правничка) потребно е да ги има следниве квалификации и искуство:***

- Минимум седум (7) години релевантно работно искуство во областа на правосудството;
- Одлично познавање на националната правна рамка и релевантните меѓународни и европски стандарди во областа на човековите права, еднаквоста и недискриминацијата;
- Познавање на функционирањето на правосудниот систем и практично искуство во работа со судии, јавни обвинители и/или други правосудни професионалци;
- Искуство во спроведување обуки, менторски програми, работилници или други форми на стручно усовршување на правни и/или правосудни професионалци;
- Искуство во примена на интерактивни методи на учење, вклучително работа со практични случаи (*case-based learning*), симулации, дискусии и анализа на судска практика;
- Познавање на концептите на родова еднаквост, забрана на дискриминација и родово сензитивно постапување во правосудството;
- Развиени менторски, комуникациски и фасилитаторски вештини и способност за ефективно пренесување на знаења и практични искуства;
- Искуство во мултидисциплинарна работа и соработка со експерти од други области, особено од областа на родовата еднаквост, ќе се смета за предност;

***<u>Позиција 2: Експертот/ката (родов експерт/ка) потребно е да ги има следниве квалификации и искуство:</u>***

- Минимум пет (5) години релевантно професионално искуство во областа на родовата еднаквост, човековите права и/или недискриминацијата;
- Длабоко познавање на националната правна рамка и релевантните меѓународни и европски стандарди во областа на родовата еднаквост, недискриминацијата и заштитата на човековите права;
- Одлично познавање на релевантните меѓународни инструменти и стандарди, особено CEDAW, Истанбулската конвенција и релевантните стандарди на Советот на Европа и Европската Унија
- Искуство во идентификување и анализа на родови стереотипи, родова пристрасност, директна и индиректна дискриминација и други родови аспекти во правната и правосудната практика;
- Искуство во спроведување обуки, менторски програми, работилници или други активности за градење капацитети во областа на родовата еднаквост и човековите права;
- Искуство во работа со правосудни професионалци и/или институции ќе се смета за предност;
- Развиени менторски и фасилитаторски вештини и способност за пренесување на комплексни концепти од областа на родовата еднаквост во практично применливи знаења и пристапи;
- Способност за работа во мултидисциплинарен тим и поврзување на родовата перспектива со правните и практичните аспекти на работата во правосудството;

## 4. Услови за извршување

Правата и обврските кои произлегуваат од ангажманот ќе бидат уредени со договор за услуги. Експертите ќе имаат обврска да доставуваат месечни извештаи за изработените работни задачи и листи на сработени работни денови (Timesheets) на македонски јазик. Извештаите ќе се доставуваат до Проектниот менаџер на е-пошта: zaleksov@gmail.com

## 5. Времетраење и сума

Работниот ангажман за изработка на горе наведените документи ќе биде спроведен во период од петнаесет (14) работни дена по експерт во периодот од септември до ноември 2026 година. За секој работен ден предвиден е надоместок од 7700 денари (бруто).

ЦЕНТАР ЗА ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА И АНАЛИЗИ

МЗМП

CIVICA MOBILITAS

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

## 6. Начин на аплицирање и рок:

Заинтересираните лица кои ги исполнуваат условите наведени во овој повик потребно е да достават детална професионална биографија (CV), од која јасно се утврдува исполнувањето на бараните квалификации и релевантното професионално искуство.

Пријавите се доставуваат по електронски пат на адресата: contact@cpia.mk, со назнака:

**„Пријава за експертска позиција – Позиција 1: Експерт/ка – правник/правничка“** или
**„Пријава за експертска позиција – Позиција 2: Експерт/ка – родов експерт/ка“**

во зависност од позицијата за која кандидатот аплицира.

Рокот за доставување на пријавите е 31.08.2026 година, до 16:00 часот.

Пристигнатите пријави ќе бидат разгледани и евалуирани од страна на комисија формирана од Извршниот одбор на ЦПИА, согласно критериумите и условите утврдени во овој јавен повик.

Контакт лице за овој повик е Жарко Алексов, е-пошта: zaleksov@gmail.com